- Одмена на семејна грижа за болно и изнемоштено лице 761 денари дневно по корисник.

### Член 14

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино потпишување, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година..

Со денот на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за

стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа за 2022 година бр.10-2789/2 од 29.04.2022 година.

Број 10-5507/11

15.12.2022 2022 година

Скопје

Министер за труд и социјална политика

Јованка Тренчевска

Изготвил: С.Спасовка

Одобрил: З.Мемети

Врз основа на член 308 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 99/22), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ДОМОТ, ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА, ЗА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА, ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ, ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ, НА СОВЕТУВАЊЕ И ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. 10-27 8912
29-04-2022 год
SHKUP

**за 2022 година**

## Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат цените на социјалните услуги кои се даваат од овластени даватели на услуга за 2022 година.

## Член 2

Со оваа одлука се утврдуваат цените на следниве видови на услуги:

1. **Услуги во домот**
   - Помош и нега во домот и
   - Лична асистенција
2. **Услуги за вон-семејна заштита**
   - Живеење со подршка,
   - Згрижување во друго семејство,
   - Сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица.
3. **Услуги на стручна помош и поддршка**
   - Центар за поддршка на згрижувачки семејства
4. **Услуги за дневен престој**
   - Центар за дневен престој за деца во ризик и деца во судир со законот,
   - Центар за дневен престој за лица со попреченост,
   - Центар за дневен престој за стари лица,
   - Центар за дневен престој за бездомни лица,
   - Центар за рехабилитација и реинтеграција и центар за ресоцијализација.
5. **Услуги за привремен престој**
   - Центар за привремен престој за деца кои ќе се затекнат без родителска грижа или како скитаат и деца жртви на злоупотреба,
   - Центар за привремен престој за жртви на семејно насилство,
   - Центар за привремен престој за жртви на родово-базирано насилство,

- Центар за привремен престој за жени жртви на сексуално насилство и силување,
- Центар за привремен престој жртви на трговија со луѓе,
- Центар за привремен престој за бездомници.

**6.Услуги на советување**

- Советувалуште за подготовка за брак,
- Советувалуште за подготовка за живот во семејство,
- Советувалуште за подготовка за родителство,
- Советувалуште за подготовка за планирање на семејство,
- Советувалуште за брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи,
- Советувалуште за советување при развод на брак,
- Советувалуште за семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи,
- Советувалуште за психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство,
- Советувалуште за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство,
- Советувалуште за други специјализирани видови на советување.

**7. Одмена на семејна грижа**

- Одмена на семејна грижа за старо лице,
- Одмена на семејна грижа за лице со попреченост,
- Одмена на семејна грижа за болно и изнемоштено лице.

Член 3

Како трошоци на услугите од член 2 на оваа одлука, се земени трошоци поврзани со давање на услугата како елементи за формирањето на цената на услугата и тоа:

- Надомест за човечки ресурси,
- Стоки и услуги,
- Надоместок за користење на простор.

Трошоците од став 1 на овој член се пресметани согласно Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/19).

Член 4

Цената на социјалната услуга помош и нега во домот, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга помош и нега во домот (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 268/19 и 198/21), изнесува 289 денари на час по корисник.

Член 5

Цената на социјалната услуга лична асистенција, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга лична асистенција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/19), изнесува 269 денари на час по корисник.

Член 6

Цената на социјалната услуга за живеење со подршка, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга за живеење со подршка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/2019), изнесува:

- 30.963 денари месечно за живеење со 24 часовна поддршка за дете без родители или без родителска грижа, односно 1.015 денари дневно по корисник,
- 20.464 денари месечно за живеење со повремено организирана поддршка на лица со попреченост, односно 671 денари дневно по корисник,
- 27.465 денари месечно за живеење со дневна осум часовна поддршка на лица со попреченост, односно 901 денари дневно по корисник,
- 34.467 денари месечно за 24 часовна подршка на лица со попреченост, односно 1.130 денари дневно по корисник.

Член 7

Цената на социјалната услуга згрижување во друго семејство, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, стандардите за давање на услугата згрижување, нормативите и стандардите за вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачките семејства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.288/20) се пресметува во зависност од видот на згрижувачкото семејство.

Цената на социјалната услуга за згрижување во општо згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 16.730 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете,
- 14.554 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца,
- 13.091 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца,
- 12.041 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца,
- 11.249 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца.

Цената на социјалната услуга за згрижување во роднинско згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 10.978 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете,
- 8.826 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца,
- 7.379 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца,
- 6.340 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца,
- 5.557 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца.

Цената на социјалната услуга за згрижување во интервентно згрижување во друго семејство, изнесува 17.584 денари месечно, односно 577 денари дневно по корисник.

Цената на социјалната услуга за згрижување во специјализирано згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 19.615 денари месечно за лице со попреченост, кога едно лице е згрижено, односно 643 денари дневно по корисник.
- 17.094 денари месечно за лице со попреченост, кога две лица се згрижени, односно 560 денари дневно по корисник,
- 18.147 денари месечно за дете/лице во ризик, односно 595 денари дневно по корисник.

Член 8

Цената на социјалната услуга третман и рехабилитација во терапевтска заедница, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за нормативите и стандардите во однос на простор, средства и кадри и потребната документација за давање на социјална услуга сместување во установа за третман и рехабилитација на лица со попреченост, лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.268/19) изнесува 30.811 денари месечно по корисник за 24 часовна услуга или 1.010 денари на ден по корисник.

Член 9

Цената на социјалната услуга за стручна помош и поддршка, обезбедена преку Центар за поддршка на згрижувачки семејства, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, стандардите за давање на услугата згрижување, нормативите и стандардите за вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачките семејства („Службен

весник на РепубликаСеверна Македонија“ бр.288/20), изнесува 5.991 денари месечно за дадена услуга за згрижувачко семејство.

Член 10

Цената на социјалната услуга за дневен престој, пресметана согласно Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/19) и Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга за дневен престој, за рехабилитација, и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри определени според степен на квалификации и профили според видот на услугата и бројот на корисници и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/20 и 172/21) се утврдува во следниве износи:

- 15.373 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за деца во ризик по корисник, односно 699 денари дневно по корисник,
- 23.175 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за лица со попреченост, односно 1.053 денари дневно по корисник,
- 858 денари за индивидуален третман во центар за дневен престој за лица со попреченост,
- 11.217 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за стари лица, односно 510 денари дневно по корисник,
- 6.547 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за стари лица со активно стареење, односно 298 денари дневно по корисник,
- 13.565 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за бездомни лица, односно 617 денари дневно по корисник,
- 11.298 денари месечно за корисник на дневна услуга во центар за рехабилитација и реинтеграција и центар за ресоцијализација, односно 514 денари дневно по корисник.

Месечната цена од став 1 на овој член е пресметана за 22 работни денови.

Член 11

Цената на социјалната услуга за привремен престој, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/21), изнесува:

- 38.115 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за деца кои ќе се затекнат без родителска грижа или како скитаат и деца жртви на злоупотреба, односно 1.250 денари дневно по корисник,
- 30.205 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за жртви на семејно насилство, центар за жртви на родово-базирано насилство и центар за жени жртви на сексуално насилство и силување, односно 990 денари дневно по корисник,
- 34.981 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за жртви на трговија со луѓе односно 1.147 денари дневно по корисник,
- 27.694 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за жртви на трговија со луѓе односно 908 денари дневно по корисник, без режиски трошоци,
- 20.039 денари месечно за корисник на услуга во центар за привремен престој за бездомници односно 657 денари дневно по корисник.

Член 12

Цената на услугата на советување, која се користи во советувалиште, пресметана согласно согласно Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/19 и Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/21) се утврдува во следниве износи:

- 265 денари за индивидуално советување дневно по корисник
- 169 за групно советување дневно по корисник

Член 13

Цените за социјалната услуга за одмена на семејна грижа, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за одмена на семејна грижа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.53/21) изнесува:

- Одмена на семејна грижа за старо лице 687 денари дневно по корисник,
- Одмена на семејна грижа за лице со попреченост 734 денари дневно по корисник,
- Одмена на семејна грижа за болно и изнемоштено лице 688 денари дневно по корисник.

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино потпишување.

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година бр.10-8387/3 од 24.12.2021 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година бр. 10-2789/2 од 25.03.2022 година и Пречистениот текст на Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, и за привремен престој и за одмена на семејна грижа за 2022 година бр.10-2789/1 од 25.03.2022 година.

Број ______________

____________ 2022 година

Скопје

Министер за труд и социјална политика

Јованка Тренчевска

Изготвил: С.Спасовска

Одобрил: З.Мемети

10-8020/1

Врз основа на член 308 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 104/2019, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ДОМОТ, ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ, ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА И ЗА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА**
**за 2021 година**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат цените на социјалните услуги кои се даваат од овластени даватели на услуга за 2021 година.

Член 2

Со оваа одлука се утврдуваат цените на следниве видови на услуги:

1. Услуги во домот
    - Помош и нега во домот и
    - Лична асистенција
2. Услуги за вон-семејна заштита
    - Живеење со подршка
    - Згрижување во друго семејство
    - Сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица
3. Услуги на дневен престој, кои се користат во
    - Центар за дневен престој за деца во ризик и деца во судир со законот
    - Центар за дневен престој за лица со попреченост
    - Центар за дневен престој за стари лица
    - Центар за дневен престој за бездомни лица
    - Центар за рехабилитација и реинтеграција и центар за ресоцијализација
4. Услуги на стручна помош и поддршка, кои се користат во
    - Центар за поддршка на згрижувачки семејства

Член 3

Како трошоци на услугите од член 2 на оваа одлука, се земени трошоци поврзани со давање на услугата како елементи за формирањето на цената на услугата и тоа:

- Надомест за човечки ресурси
- Стоки и услуги
- Надоместок за користење на простор

Трошоците од став 1 на овој член се пресметани согласно Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/19).

Член 4

Цената на социјалната услуга помош и нега во домот, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга помош и нега во домот (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 268/19), изнесува 250 денари на час по корисник.

Член 5

Цената на социјалната услуга лична асистенција, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга лична асистенција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/19), изнесува 233 денари на час по корисник.

Член 6

Цената на социјалната услуга за живеење со поддршка, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга за живеење со подршка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/2019), изнесува:

- 27.192 денари месечно за живеење со 24 часовна подршка за дете без родители или без родителска грижа, односно 892 денари дневно по корисник
- 17.971 денари месечно за живеење со повремено организирана подршка на лица со попреченост, односно 589 денари дневно по корисник
- 24.165 денари месечно за живеење со дневна осум часовна подршка на лица со попреченост, односно 792 денари дневно по корисник
- 30.360 денари месечно за 24 часовна подршка на лица со попреченост, односно 995 денари дневно по корисник.
-

Член 7

Цената на социјалната услуга за дневен престој, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга за дневен престој, за рехабилитација, и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри определени според степен на квалификации и профили според видот на услугата и бројот на корисници и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/20) изнесува:

- 13.384 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за деца во ризик и деца во судир со законот по корисник, односно 439 денари дневно по корисник
- 17.714 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за лица со попреченост, односно 581 денари дневно по корисник
- 7.318 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за стари лица, односно 240 денари дневно по корисник
- 9. 872 денари месечно за корисник на услуга во центар за дневен престој за бездомни лица, односно 324 денари дневно по корисник
- 9.956 денари месечно за корисник на дневна услуга во центар за рехабилитација и реинтеграција и центар за ресоцијализација, 326 денари денари дневно по корисник

**Член 8**

Цената на социјалната услуга згрижување во друго семејство, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, стандардите за давање на услугата згрижување, нормативите и стандардите за вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачките семејства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.288/20) се пресметува во зависност од видот на згрижувачкото семејство.

Цената на социјалната услуга за згрижување во општо згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 14.461 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете,
- 12.543 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца,
- 11.254 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца,
- 10.328 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца,
- 9.631 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца.

Цената на социјалната услуга за згрижување во роднинско згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 9.780 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете,
- 7.862 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца,
- 6.573 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца,
- 5.647 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца,
- 4.950 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца.

Цената на социјалната услуга за згрижување во интервентно згрижување во друго семејство, изнесува 15.684 денари месечно.

Цената на социјалната услуга за згрижување во специјализирано згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 16.957 денари месечно за лице со попреченост,кога едно лице е згрижено,
- 14.733 денари месечно за лице со попреченост, кога две лица се згрижени,
- 15.684 денари месечно за дете/лице во ризик

**Член 9**

Цената на социјалната услуга третман и рехабилитација во терапевтска заедница, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за нормативите и стандардите во однос на простор, средства и кадри и потребната документација за давање на социјална услуга сместување во установа за третман и рехабилитација на лица со попреченост, лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.268/19) изнесува 27.041 денари месечно по корисник за 24 часовна услуга или 887 денари на ден по корисник.

**Член 10**

Цената на социјалната услуга за стручна помош и поддршка, обезбедена преку Центар за поддршка на згрижувачки семејства, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, стандардите за давање на услугата згрижување, нормативите и стандардите за вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачките семејства („Службен весник на РепубликаСеверна Македонија" бр.288/20), изнесува 4481 денари месечно за дадена услуга за згрижувачко семејство.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино потпишување.

Број

15.12.2020 година
Скопје

МИНИСТЕР
за труд и социјална политика
Јагода Шахпаска

Врз основа на член 308 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19 и 146/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. Nr. 10-9801/
25-12-2019 20 год.-viti.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ДОМОТ И УСЛУГИТЕ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА за 2020 година

## Член 1

Со оваа одлуката се утврдуваат цените на социјалните услугите, кои се даваат од овластени даватели на социјални услуги за 2020 година.

## Член 2

Со оваа Одлука се утврдуваат цените на следниве видови на услуги:

1.Услуги во домот
- Помош и нега во домот и
- Лична асистенција

2. Услуги за вон-семејна заштита
- Живеење со поддршка
- Згрижување во друго семејство
- Сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица

## Член 3

Како трошоци на услугите од член 2 на оваа одлука, се земени сите трошоци поврзани со давање на услугата како елементи за формирањето на цената на услугата и тоа:

- надомест за човечки ресурси
- стоки и услуги
- надоместок за користење на простор.

Трошоците од став 1 на овој член се пресметани согласно Методологија за формирање на цените на услугите и во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/19)

Член 4

Цената на социјалната услуга помош и нега во домот, пресметана согласно член 3 од оваа одлука а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга помош и нега во домот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/19) изнесува 240 денари на час по корисник.

Член 5

Цената на социјалната услуга лична асистенција, пресметана согласно член 3 од оваа одлука а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга лична асистенција ( „Службен весник на Република Северна Македонија бр.264/19) изнесува 223 денари на час по корисник.

Член 6

Цената на социјалната услуга живеење со поддршка пресметана согласно член 3 од оваа одлука а во зависност од Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги живеење со поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.264/19) изнесува:

- 25.855 денари месечно за живеење со 24 часовна поддршка за дете без родители или без родителска грижа, односно 848 денари дневно по корисник
- 17.125 денари месечо за живеење со повремено организирана поддршка од за лица со попреченост, односно 561 денари на ден по корисник.
- 23.006 денари месечно за живеење со дневна осум часовна подршка на лица со попреченост, односно 754 денари на ден по корисник.
- 28.887 денари месечно за постојана 24 часовна подршка на лица со попреченост, односно 947 денари на ден по корисник.

Член 7

Цената на социјалната услуга згрижување во друго семејство, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и стандардите за давање на услугата според видот на згрижувањето („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.268/19) се пресметува во зависност од видот на згрижувачкото семејство .

Цената на социјалната услуга за згрижување во општо згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

- 13.847 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете
- 12.005 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца
- 10.767 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца
- 9.878 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца
- 9.208 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца

Цената на социјалната услуга згрижување во роднинско згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува:

-9.393 денари месечно за дете, кога е згрижено едно дете

- 7.551 денари месечно за секое дете, кога се згрижени две деца

- 6.313 денари месечно за секое дете, кога се згрижени три деца

- 5.424 денари месечно за секое дете, кога се згрижени четири деца

- 4.754 денари месечно за секое дете, кога се згрижени пет деца

Цената на социјалната услуга згрижување во интервентно згрижување во друго семејство изнесува 15,009 денари месечно по корисник или 492 денари на ден по корисник.

Цената на социјалната услуга згрижување во специјализирано згрижувачко семејство, во зависност од бројот на сместените деца во едно семејство изнесува изнесува:

- 16.219 денари месечно за лице со попреченост или 532 денари на ден по корисник, кога едно лице е згрижено
- 14.086 денари месечно за лице со попреченост или 462 денари на ден по корисник, кога две лица се згрижени

- 15.009 денари месечно за дете/лице во ризик или 492 денари на ден по корисник.

## Член 8

Цената на социјалната услуга третман и рехабилитација во терапевтска заедница, пресметана согласно член 3 од оваа одлука, а во зависност од Правилникот за нормативите и стандардите во однос на простор, средства и кадри и потребната документација за давање на социјална услуга сместување во установа за третман и рехабилитација на лица со попреченост, лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица („Службен весник на Република Северна Македонија“

бр.268/19) изнесува 25.749 денари месечно на корисник за 24 часовна услуга или 844 денари на ден по корисник.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

Изработил/контролирал: С.Спасовска
Одобрил: Љ.Панова
Согласен: С.Костовска

МИНИСТЕР
за труд и социјална политика,
Мила Царовска